**ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**www.iph.mk**

Ул. “50 Дивизија” бр.6, 1000 СКОПЈЕ

Тел:  02 3 125 044, 3 223 033; Фах: 02 3 223 354

**ОДДЕЛ ЗА ЕПИДЕМИОЛОГИЈА НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА**

# Б И Л Т Е Н

за движењето на акутните заразни заболувања во Република Северна Македонија
во месец **д е к е м в р и, 2025**




**Скопје, 15.01.2026**

**Содржина:**

*ПРЕГЛЕД НА АКУТНИТЕ ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА ВО ДЕКЕМВРИ, 2025 година*............... 3

*ХИВ/СИДА И ДРУГИ СЕКСУАЛНО ПРЕНОСЛИВИ ИНФЕКЦИИ* ........................................ 5

*ВАКЦИНО-ПРЕВЕНТАБИЛНИ ЗАБОЛУВАЊА*.................................................................. 5

*СОСТОЈБАТА СО КОВИД-19 ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА* ........................................................ 5

*ЕПИДЕМИИ*............................................................................................................. 5

*СМРТНИ СЛУЧАИ*...................................................................................................... 5

*ГРИП* ..................................................................................................................... 5

*ЛАБОРАТОРИСКИ ИЗОЛИРАНИ ИЛИ НА ДРУГ НАЧИН ДОКАЖАНИ ПРИЧИНИТЕЛИ НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА И РЕЗИСТЕНЦИЈА НА АНТИБИОТИЦИ*...................................... 6

*БОЛЕСТИ КОИ СЕ РЕГИСТРИРААТ КАЈ СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ* ...................................... 6

## *ПРЕГЛЕД НА АКУТНИТЕ ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА ВО ДЕКЕМВРИ, 2025 година*

Во текот на месец декември 2025 година, во Р.С. Македонија, пријавени се вкупно 1.323 заболени лица од акутни заразни заболувања *(без COVID-19, грип, туберкулоза, СИДА, АФП и хронични носителства на хепатит Б, Ц и ХИВ)* со вкупна инциденца од 72,0 на 100.000 жители.

Во текот на месец декември се бележи зголемување на вкупниот број на заболени лица за 6,5% во однос на претходниот месец, ноември 2025 (n=1.242). Во однос на аритметичката средина за периодот 2015–2024, се бележи намалување за 9,9% (n=1.469), а во однос на декември 2024, се бележи намалување за 18,5% (n=1.623).(Графикон 1)

Во вкупниот број на заболени во 2025 година, регистрираните случаи во месец декември учествуваат со 11,7%. Кумулативниот број на пријавените случаи во 2025 (n=11.266) е за 20,9% помал во однос на кумулативата за истиот период во 2024 година (n=14.245).

***<u>Графикон 1</u>: Број на заболени од заразни болести по месеци во 2025 и аритметичка средина за 2015-2024***




Најголем број акутни заразни заболувања на ниво на ЦЈЗ е пријавен на територија на ЦЈЗ Скопје (n=502; 37,9%), а најмал број е пријавен во ЦЈЗ Струмица (n=24; 1,8%). *(Графикон 2)*

Највисока инциденца на 100.000 жители на ниво на ЦЈЗ се регистрира на територијата на ЦЈЗ Кочани (I=169,4/100.000), а најниска инциденца во ЦЈЗ Тетово (I=24,6/100.000). *(Графикон 2)*

Највисока инциденца на 100.000 жители на ниво на ПЕ е регистрирана на територијата на Кочани (I=293,7/100.000).

Седум ПЕ не доставија пријави за заразни болести од територијата која ја покриваат (Кичево, Гевгелија, Делчево, Пехчево, Дебар, Валандово и Гостивар). (Табела 1 во Прилог, Картограм)

***<u>Графикон 2</u>: Број на пријавени и инциденца од акутни заразни заболувања по ЦЈЗ во декември, 2025***




***Десетте најчесто пријавувани акутни заразни заболувања*** во декември учествуваат со 98,5% во вкупниот број на заболени во месецот и бележат инциденца од 70,9/100.000 жители. *(Табела 1)*

***<u>Табела 1</u>: Десет најчесто пријавувани акутни заразни заболувања во декември, 2025***

| Заболување | Број | I/100.000 |
|---|---|---|
| Овчи сипаници | **931** | **50,7** |
| Ентероколитиси | **268** | **14,6** |
| Шуга | **27** | **1,5** |
| Бактериски алиметарни инфекции и интоксикации | **22** | **1,2** |
| Инфективна мононуклеоза | **15** | **0,8** |
| Салмонелози | **11** | **0,6** |
| Сифилис | **10** | **0,5** |
| Вирусен хепатитис Б | **8** | **0,4** |
| Скарлатина | **7** | **0,4** |
| Легионерска болест | **4** | **0,2** |
| ***Вкупно*** | ***1303*** | **70,9** |

***Првите две најчести заразни заболувања*** (овчи сипаници и ентероколитиси, n=1.199) учествуваат со 90,6% во вкупниот број на заболени, а со 92,0% во десетте најчесто пријавени акутни заразни заболувања во месец декември 2025 година.

Во текот на декември, **најчесто** регистрирано акутно заразно заболување се **овчите сипаници** со вкупно 931 пријавено лице. Тие во вкупниот број на заболени во месецот учествуваат со 70,4%, а во групата на десетте најчести заразни заболувања за овој месец учествуваат со 71,5%.

Во однос на претходниот месец ноември 2025 (n=808), се регистрира зголемување од 15,2% во бројот на пријавени лица од овчи сипаници, а во однос на аритметичката средина (n=928) за период 2015-2024 се регистрира незначително зголемување за 0,3%. Во однос на месец декември 2024 (n=1.025) се регистрира намалување за 9,2%.

Во вкупниот број на регистрирани овчи сипаници во 2025 (n=5.823), пријавените случаи во декември учествуваат со 16,0%. Во вкупниот број на регистрирани акутни заразни заболувања во 2025 година (n=11.266), овчите сипаници учествуваат со 51,7%.

Кумулативниот број на заболени од овчи сипаници во 2025 (n=5.823) е за 19,6% помал во однос на кумулативата за истиот период во 2024 (n=7.246).

На второ место по број на пријавени заболени во месец декември се **ентероколитисите**, со 268 случаи. Во вкупниот број на заболени во месецот учествуваат со 20,3%, а во групата на десетте најчести заразни заболувања за овој месец учествуваат со 20,6%.

Во однос на претходниот месец ноември 2025 (n=257), се регистрира зголемување на бројот на заболени од ентероколити од 4,3%. Во однос на месец декември 2024 (n=351) се регистрира намалување од 23,6%, а во однос на аритметичката средина (n=361) се регистрира намалување за 25,8%.

Во вкупниот број на регистрирани ентероколитиси во 2025 (n=3.828), пријавените случаи во декември учествуваат со 7,0%. Во вкупниот број на регистрирани акутни заразни заболувања во 2025 година (n=11.266), ентероколитите учествуваат со 34,0%.

Кумулативниот број на пријавени ентероколитиси во 2025 (n=3.828) е намален за 7,4% во однос на кумулативата за истиот период во 2024 година (n=4.132).

Во однос на поделбата на **акутните заразни заболувања по групи,** во декември, најголем број (n=963) припаѓаат на **капкови заболувања** (72,8%; I=52,4/100.000) *(Графикон 3)*. Најголем број, (n=931; 96,7%) и инциденца (I=50,7/100.000), се пријавите на овчи сипаници. Пријавени се и 15 случаи на инфективна мононуклеоза (I=0,8/100.000), 7 случаи на скарлатина (I=0,4/100.000), по 4 случаи на голема кашлица и легионерска болест, 2 случаи на заразни заушки и 1 случај на менингококна болест.

Пријавени се 305 случаи (23,1% од вкупниот број на пријави) на заболени од групата на **цревни заболувања** *(Графикон 3),* со инциденца од 16,6/100.000. Од нив, најголем број (n=268; 87,9%) и инциденца (I=14,6/100.000) се пријавите за ентероколитиси. Во оваа група се пријавени 22 случаи на бактериски алиментарни инфекции и интоксикации (I=1,2/100.000), 11 случаи на салмонелози (I=0,6/100.000) 2 случаи на кампилобактериоза и по еден случај на вирусен хепатитис А и шигелоза.

Во групата на **останати акутни заразни** заболувања, се регистрирани 27 случаи и сите 27 се случаи на шуга (2%; I=1,5/100.000). (*Графикон 3*)

Во групата на **зоонози**, регистрирани се 5 случаи (0,4%; I=0,3/100.000), по два случаи на случаи на лајшманиоза и трихинелоза и еден случај на Q-треска.

Во групата на **сексуално и крвно преносливи инфекции** *(без ХИВ/СИДА)* се регистрирани 23 заболени лица (1,7%; I=1,3/100.000) *(Графикон 3)* и тоа: пријавени се 10 случаи на сифилис, 8 случаи на вирусен хепатитис Б, по 2 случаи на инфекција со хламидија и вирусен хепатитис Ц и еден случај на гонореја. *(Графикон 3, Табела 1 во Прилог)*

***<u>Графикон 3</u>: Структура на заболени по групи на заболувања во декември 2025***



## *ХИВ/СИДА И ДРУГИ СЕКСУАЛНО ПРЕНОСЛИВИ ИНФЕКЦИИ*

Во текот на месец декември, пристигнати се 3 пријави за новорегистрирани лица со ХИВ/СИДА од кои 1 случај на ХИВ и 2 случаи на СИДА.

Се работи за едно женско и две машки лица од Охрид и Скопје на возраст од 30-34 и 45-49 години *(Табела 3 во Прилог)*. Во однос на веројатниот ризик за стекнување на ХИВ/СИДА инфекцијата, двајца се припадници на МСМ популацијата, додека кај третиот случај начинот на пренос на инфекцијата е по хетеросексуален контакт.

Нема пријавено починато лице. Согласно постоечката евиденција на пријавени случаи (заклучно со 31.12.2025), кумулативниот број на лица регистрирани со ХИВ/СИДА во Р. Северна Македонија, за периодот 1987–2025, изнесува 729 и тоа:

- 137 лица починале,
- 588 лица живеат со ХИВ/СИДА (4 лица се со непознат исход).

## *ВАКЦИНО-ПРЕВЕНТАБИЛНИ ЗАБОЛУВАЊА*

Во однос на вакцино-превентабилните болести, во месец декември 2025, регистрирани се 8 случаи на вирусен хепатитис Б, 3 случаи на голема кашлица и 2 случаи на заразни заушки со инциденца од 0,71/100.000 жители. (*Табела 2 во Прилог*)

Регистрираните случаи на вирусен хепатитис Б, според возраста, не подлежат на имунизација согласно Календарот за задолжителна имунизација во РСМ и не се вакцинирани против оваа болест.

Регистрирани се три случаи на голема кашлица со место на живеење од Скопје (1) и Тетово (2). Два од случаите припаѓаат на возрасните групи од 0-4 и еден од 10-14 години. Регистрираните случаи на голема кашлица, според возраста подлежат на имунизација согласно Календарот за задолжителна имунизација во РСМ и се вакцинирани против оваа болест. Случаите се лабораториски потврдени.

Регистрирани се два случаи на заразни заушки со место на живеење во Скопје и Куманово, еден на возраст од 4 години односно 5 години. Случаите се вакцинирани со една доза на МРП вакцина. Случаите се лабораториски потврдени.

## *СОСТОЈБАТА СО КОВИД-19 ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА*

Во текот на месец декември, пријавени се 2 случаи на КОВИД-19, за разлика од месец ноември кога беа пријавени 12 случаи, а во споредба со декември 2024, регистрирани се 4 случаи помалку.

Регистрираните случаи се од Скопје (1) и Тетово (1). Во текот на месецот не се регистрирани починати лица асоцирани со КОВИД-19.

Пријавените случаи на КОВИД-19 припаѓаат на возрасните групи од 0-9 и 50-59 години.

Во лабораториите во кои се спроведува молекуларно и антигенско тестирање за присуство на SARS-CoV-2, во текот на месец декември, тестирани се вкупно 1098 материјали, за 50,6% повеќе во однос на минатиот месец (n=729).

Од почетокот на пандемијата, заклучно со 31.12.2025, пријавени се вкупно 352.447 потврдени случаи на КОВИД-19 (I=19.189,0/100.000) и 10.007 смртни случаи (Mt= 544,8/100.000; CFR=2,8%).

## *ЕПИДЕМИИ*

Во текот на месец декември до Институтот за јавно здравје **не се пристигнати пријави за епидемии на заразно заболување**.

## *СМРТНИ СЛУЧАИ*

Во текот на месец декември, **не се регистирани смртни случаи** од акутно заразно заболување.

## *ГРИП*

Согласно извештајот на ERVISS за состојбата со респираторните вирусни инфекции во Европскиот регион на СЗО, заклучно со недела 52/2025, стапките на заболувања слични на грип (ИЛИ) и/или акутна респираторна инфекција (АРИ) се зголемени над базично ниво во 13 од 20 земји од Европскиот регион на СЗО кои пријавиле податоци. Индикаторите за активноста на грипот продолжуваат да се зголемуваат низ Европскиот регион во последните две недели. Процентот на позитивни примероци за грип во сентинел надзорот

е највисок кај децата на возраст од 5-14 години. Хоспитализациите, приемите на одделенија за интензивна нега и смртните случаи поврзани со грип исто така продолжуваат да се зголемуваат на регионално ниво, при што најголем удел имаат лицата на возраст од 65 години и повеќе. Инфлуенца тип A(H3) останува доминантниот циркулирачки вирус.

Регионалните индикатори за активноста на SARS-CoV-2 се намалија и се на базично ниво.

Детекциите на RSV и процентот на позитивност продолжуваат да се зголемуваат на регионално ниво, со најголем удел кај децата помлади од 5 години.

Во текот на декември, во Република Северна Македонија на групни пријави за заболени од грип/заболувања слични на грип, пријавени се вкупно 1.324 заболени лица (I=72,1/100.000). Од нив, најголем број на заболени е регистриран во ЦЈЗ Скопје (n=294), а највисока инциденца е регистрирана во ПЕ Македонски Брод (I= 494,5 /100.000).

Во Вирусолошката лабораторија на ИЈЗ од почетокот на сезоната 2025/2026 пристигнати се вкупно 421 хуман материјал од здравствените установи во државата и детектирани се 39 позитивни резултати за грип, од кои 28 Influenza A(H3), 6 Influenza A(H1)pdm09 и 5 Influenza A – несубтипизиран.

## *ЛАБОРАТОРИСКИ ИЗОЛИРАНИ ИЛИ НА ДРУГ НАЧИН ДОКАЖАНИ ПРИЧИНИТЕЛИ НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА И РЕЗИСТЕНЦИЈА НА АНТИБИОТИЦИ*

Во текот на декември, 2025 година во ИЈЗ се пристигнати 1.317 *Пријави за изолиран-докажан причинител на заразна болест и резистенција на антибиотици (Табела 4 во прилог).* Пријави се добиени од микробиолошките лаборатории од териториите на сите десет ЦЈЗ/ПЕ. Најголем број од пристигнатите пријави се од лабораториите кои се наоѓаат на територијата на ЦЈЗ Скопје (n=740; 56,2%), ЦЈЗ Куманово (n=200; 15,92%) и ЦЈЗ Тетово (n=176; 13,4%). (*Табела 4 во Прилог*).

Најчесто пријавувани причинители во месец декември се: *Influenza A (n=306; 23,2%), MRSA (n=222; 16,9%), HPV (213; 16,2%)* и *Респираторен синцицијален вирус (RSV) (n=104; 7,9%).*

Резистенција кон антибиотици е регистрирана кај вкупно 235 докажани микроорганизми и тоа: *Staphylococcus aureus meticilin rezistenten (MRSA), Staphylococcus spp., E.coli ESBL, Enterobacter cloacae, ESBL, Klebsiella pneumoniae ESBL u Acinetobacter baumannii.*

Во однос на лабораториите кои пријавуваат резистенција, пристигнати се пријави од микробиолошките лаборатории на територијата на ЦЈЗ Скопје, ЦЈЗ Куманово, ЦЈЗ Тетово, ЦЈЗ Битола, ЦЈЗ Прилеп, ЦЈЗ Штип, ЦЈЗ Кочани, ЦЈЗ Охрид, ЦЈЗ Велес, ЦЈЗ Струмица и ПЕ Струга.

## *БОЛЕСТИ КОИ СЕ РЕГИСТРИРААТ КАЈ СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ*

Во текот на месец декември, ***пристигнати се пет пријави*** за заразно заболување, 3 пријави за салмонелози и по една пријава за ентероколитис и туберкулоза кај странски државјани од Република Турција и Косово.

Во текот на 2025 година, регистрирани се вкупно 49 пријави за акутни заразни заболувања кај странски државјани. Регистрирани се 16 пријави на ентероколитис, 13 пријави за салмонелози, 10 пријави за бактериски алиментарни инфекции и интоксикации, по 2 пријави за инфективна мононуклеоза и туберкулоза и по една пријава за лајмска болест, туларемија, вирусен енцефалит, денга, варичела и ХИВ/СИДА.

Според земјата од која доаѓаат, 10 лица од Србија, 14 лица се од Косово, 7 од Германија, 5 од Швајцарија, 3 од Турција 2 од Словачка и по еден случај од Бугарија, Грција, Италија, БиХ, Австрија, САД, Холандија и Хрватска.

***Оддел за епидемиологија на заразни заболувања***
***Институт за јавно здравје на РСМ***